ОГЛАС ЗА ИЗБОР НА ОБУЧУВАЧ ЗА ФИНАСИСКА ПИСМЕНОСТ

ЕД Планетум се води од визијата за застапување на граѓанскиот интерес во јавните политики за животна средина на национално и меѓународно ниво. Планетум бара здрава и квалитетна животна средина за сите.

Планетум посветено работи на прашања поврзани со отпад, заштита на природните реткости и богатства, зачувување и зголемување на зелените површини и рационално користење на природните ресурси.

За потребите на проектот "Жени во бизнисот – од вештини до приходи" ЕД Планетум објавува оглас за избор на:

Обучувач за финасиска пименост на жените земјоделки во руралните средини

Одговорности на обучувачот

- Подготовка на материјали за обука и агенда за обуката
- Вклучување во организирање на логистиката, заедно со координаторот на проектот
- Спроведување на 8 обуки за финансиска писменост на жени земјоделки од руралните средини
- Редовна комуникација со координаторот и организаторот на проектот
- Подготовка на образовен пакет за финансиска писменост на жени-земјоделки од руралните средини.

Вештини и квалификации:

- Да има познавања од областа на финасиска писменост
- Да има реализирано обуки и предавања од оваа област
- Да има способност за планирање, организација и реализација на активности во кратки рокови
- Одлични комуникациски вештини
- Професионален однос кон сите вклучени страни
- Поседување на диплома од областа на земјоделие или економија ќе се смета за предност

Информации поврзанисо работниот ангажман:

- Лицето се очекува да почне со работа најдоцна на 01 Јули до 30 Септември
- Ангажманот ќе се реализира преку договор за дело
- Краен рок за аплицирање е 15 Јуни – 2026 година

Вашата работна биографија може да ја испратите на planetum@t.mk, да ја пратите по пошта или директно да ја донесете во просториите на ЕД Планетум – ул: 22 декември бб 4-та у.з.

Краен рок за аплицирање: 15 Јуни – 2026 година, до 17 часот